**ЗАПИСНИК**
**од 20-та седница на Советот**
**одржана на 20.12.2011 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи проф. д-р Томе Груевски, акад. Али Алиу, м-р Алма Машовиќ, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Арџент Џелили, Милаим Абдураими, Магдалена Давидовска – Довлева, Симона Темелкова, м-р Драгица Љубевска и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Новинари:** Мартин Пушевски од МТВ, Рина Туркеши од МТВ-Албанска редакција, Михајло Видтимлиски од 24 Вести, Александар Димитриевски од Алфа ТВ, Тања Јовановска од Вест, Александар Спасовски од ТВ Сител, Бојан Бојаџиевски од Канал 77, Зорана Гаџовска од Радио Слободна Европа, Михајло Лахтов од ОБСЕ, Маја Јовановска од Канал 5 ТВ, Сања Јовановиќ Дамјановска од Телма ТВ.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски ја отвори 20-та седница на Советот за радиодифузија, на која ги поздрави претставниците на медиумите и невладините организации.

Предлози за измена на Дневниот ред, имаше членот на Советот, м-р Борис Арсов, посочувајќи на точката број 8, односно, Информација во врска со почитувањето на член 11 од Законот за радиодифузната дејност од страна на трговските радиодифузни друштва, и предложи да се одложи за една од наредните седници и даде кусо образложение во таа насока. Имено, во Информацијата која е подготвена и добиена како попратен материјал, рече, дека не се опфатени сите трговски радиодифузни друштва кои се во Република Македонија, и поради нивен недостаток, кој е и наведен во подготвената Информација, предложи да се тргне од Дневниот ред. Пред се, рече, Советот треба да биде објективен, да работи без селективен пристап, и за наредниот пат побара да се добие комплетна информација за почитувањето на член 11 од Законот за радиодифузната дејност од страна на сите трговските радиодифузни друштва во РМ.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, предложи во иднина пред секоја седница, членовите на Советот, на координација да го разгледаат Дневниот ред и да се договорат за бројот на точките и нивната содржината, затоа што често се случува Дневниот ред да се менува поради одложување на предложени извештаи и информации. Според него, точката Информација во врска со почитувањето на член 11 од Законот за радиодифузната дејност од страна на трговските радиодифузни друштва, неколкупати наназад се одложува, но и покрај тоа што не е комплетна, односно со информации за сите трговски радиодифузни друштва во РМ, рече, дека треба да се започне од нешто. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече, дека на оваа седница Советот ќе ја разгледа состојбата во врска со член 11 од ЗРД за оние трговски радиодифузни друштва за кои има податок, а конечната одлука Советот нема

да ја донесе додека не ја разгледа комплетната бројка на трговските радиодифузни друштва.

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, рече дека е против да се одлагаат точките од веќе подготвениот Дневен ред, бидејќи на тој начин нема да се стигне до одреден или дефинитивен заклучок. Доколку, според него, постојат причини за одложување, тие треба да бидат образложени во текот на дискусијата кога ќе дојде на разгледување, а не претходно.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека не е за одложување на точка број 8, односно Информација во врска со почитувањето на член 11 од Законот за радиодифузната дејност од страна на трговските радиодифузни друштва, од причина дека мора да се разговара, да се разгледа, за да би се утврдиле насоките како Советот ќе се однесува понатаму во однос на ова прашање, но сигурно дека нема де се донесе никаква одлука на оваа седница. Предложи, да се испрати Допис до сите медиуми во РМ, со цел самите да ги достават информациите кои се потребни, да се произнесат дали го прекршуваат или не член 11 од ЗРД. Според него, би било тешко остварливо доколку Советот сам би се впуштил во проверка, а причина повеќе што има голем број функционери во РМ, така да Советот тешко би дошол до нивните имиња и до имињата на нивните најблиски и роднински врски воопшто. Советот треба да започне да дискутира на оваа тема, а не постојано да се одложува.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече, дека почитувањето на Законот и член 11 е многу значајна точка во Дневниот ред, истовремено и обврска на Советот за радиодифузија. Во периодот од пред една година, поточно 24.12. 2010 година, Советот донел заклучок да пристапи кон проверка на почитување или не на член 11 од Законот од страната на трговските радиодифузни друштва. Потсети дека во последниот Извештај од Европската комисија, една од апострофираните елементи била дека РМ треба да внимава и да ја следи големата концентрација на политичкото влијание во медиумите, во поглед на нивните сопственици. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека последиците кои можат да произлезат од непочитување на член 11 од ЗРД, можат да доведат и до одземање на Дозволата за вршење радиодифузна дејност. Според тоа, дека информацијата која е подготвена од службите во СРД не е комплетна, м-р Милаим Фетаи го доведе во дилема околу селективноста на работата на Советот која може да произлезе, така да, според него е подобро оваа точка сепак да се одложи. Почитувајќи ги медиумите и јавноста, предложи следниот пат оваа точка првично Советот да ја разгледа на координација, и со комплетна информација за сите медиуми во РМ, да се постави на седница за разгледување.

Членот на Советот, Замир Мехмети, рече, дека оваа точка е комплексна и многу значајна како за медиумите така и за Советот. Имајќи ја во предвид суштината и последиците кои можат да произлезат и пред се затоа што за оваа точка не претходела координација од страна на Советот, предложи да се тргне од Дневен ред.

Членот на Советот, акад. Али Алиу, рече дека треба да остане на Дневен ред, да се разгледа Информацијата, од причина што Советот самоиницијативно, на седница во период од пред една година донел Заклучок за проверка на почитување на член 11 од ЗРД.

Претседателот на Советот, рече дека оваа иницијатива воопшто не е нова и ненадејна за Советот и нејзините членови, а како доказ е донесениот Заклучок од 24.12.2010 година. Заклучокот беше Советот да да започне активност, проверка на сопственоста во врска со почитувањето на член 11 од ЗРД. Во таа насока, во март 2011 година, Советот испрати Допис до сите трговски радиодифузни друштва, да се произнесат по ова прашање, со изјава заверена на нотар. На Дописот, рече, одговориле 105 трговски радиодифузни друштва, кои потврдиле дека не го

прекршуваат член 11 од Законот. Значи, рече, дека Советот веќе една година перманентно работи кон прибирање податоци за комплетирање на оваа информација. Потенцира дека денешната точка е Информација а не предлог за одземање на Дозвола, и одложувањето на оваа точка е без аргументи или со многу малку аргументи без посебно значење.

Предлогот на членот на Советот, м-р Борис Арсов, точката број 8, односно Информација во врска со почитувањето на член 11 од Законот за радиодифузната дејност од страна на трговските радиодифузни друштва, да се тргне од Дневен ред односно да се одложи, се стави на гласање. „За“ овој предлог гласаа: м-р Милаим Фетаи, Замир Мехмети, м-р Борис Арсов, м-р Алма Машовиќ, Лазо Петрушевски, м-р Методија Јанчески, м-р Зоран Трајчески, Методи Стоименовски и Селвер Ајдини. Останатите членови се изјаснија дека се против одложување на точката. Советот констатира точката де се симне од Дневниот ред.

Бидејќи немаше други предлози за дополнување и измени, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, Дневниот ред, со горенаведената измена, го стави на гласање.

Советот едногласно го усвои следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од 14-та седница на Советот, одржана на 18.08.2011 година, за седницата имаше и едно продолжение кое се одржа на 23.08.2011 година.
2. Усвојување на Записникот од 18-та седница на Советот, одржана на 18.10.2011 година, за седницата имаше и едно продолжение кое се одржа на 19.10.2011 година.
3. Нацрт-План за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.
4. Предлог-Финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.
5. Преглед на исполнување на мерките изречени на 14 седница на Советот за радиодифузија.
6. Претставки од Канал 5 и од граѓанин за серијата “Долина на волците” која се емитува на ТРД ТВ Сител со Предлог-Укажување за ТРД ТВ Сител.
7. Извештај од мониторингот на Јавниот радиодифузен сервис - Политичкиот плурализам во телевизиските вести.
8. Извештај од работилницата за обука “Изработка на трет периодичен извештај на РМ по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права” одржана во Струга од 29 ноември до 1 декември 2011 година,
9. Извештај на Советот за радиодифузија на РМ за членот 19 од “Меѓународниот пакт за граѓански и политички права” кој ке биде составен дел на Третиот извештај на Република Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права”.
10. Информација за отстранета недозволена медиумска концентрација кај РА Метрополис.
11. Информација за преземени активности во насока на отстранување недозволена медиумска концентрација кај РА Скај плус од Берово.
12. Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија.
13. Информација за работењето на ТРД КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес и ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес.
14. Барање од Заменикот на Претседателот на СРД, м-р Милаим Фетаи за одобрување средства за трошоци за оценка и одбрана на докторска дисертација, при Универзитетот “Свети Кирил и Методиј “ – Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

15. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа Усвојувањето на Записникот од 14-та седница на Советот, одржана на 18.08.2011 година, за седницата имаше и едно продолжение кое се одржа на 23.08.2011 година.

За збор се јави членот на Советот, м-р Борис Арсов. Потсети, дека на една од минатите седници, поради неговото оправдано отсуство од седница, забелешките за записникот од 14 седница до Советот ги доставил во писмена форма. Забелешките не се стенограм, рече, и тие се направени врз основа на прегледана снимка од негова страна од истоимената седница. Забелешките на Записникот од 14 седница во главно се однесуваа на пропуштени реченици од излагањето на м-р Борис Арсов.

Свои забелешки имаше и членот на Советот, Столе Наумов, кој предложи во иднина, Записниците да се потпишуваат и од страната на членовите на Советот.

Записникот од 14 седница на Советот, одржана на 18.08.2011 година, за седницата имаше и едно продолжение кое се одржа на 23.08.2011 година, со наведените забелешки кои ќе се интегрираат во текстот, беше усвоен од членовите на Советот кои тогаш беа присутни на седницата: м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, проф. д-р Томе Груевски, акад. Али Алиу, м-р Борис Арсов, м-р Алма Машовиќ, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.

**Точка 2**

Советот го разгледа Усвојување на Записникот од 18-та седница на Советот, одржана на 18.10.2011 година, за седницата имаше и едно продолжение кое се одржа на 19.10.2011 година.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, имаше техничка забелешка во однос на точка 2 од Записникот и членот на Советот Столе Наумов во однос на подетално објаснување во однос на неговиот предлог.

Записникот од 18-та седница на Советот, одржана на 18.10.2011 година, за седницата имаше и едно продолжение кое се одржа на 19.10.2011 година, едногласно го усвои, со наведените забелешки кои ќе се интегрираат во текстот.

**Точка 3**

Советот го разгледа предложениот Нацрт-План за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

Раководителот на Стручната служба, м-р Андриана Скерлев – Чакар, ги запозна членовите на Советот, презентирајќи краток увод од Нацрт-Планот за работа на Советот. Посебно нагласи дека во Глава 1, *Надзор врз исполнувањето на обврските на радиодифузерите*, во точка 3, *Следење на другите обврски на радиодифузерите утврдени со Законот, подзаконските акти и дозволата,* како активност на Советот вклучено е и следењето на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитување на член 11 од Законот за радиодифузната дејност. Исто така рече дека во Нацрт – Планот се нагласени обврските на Советот кои произлегуваат од Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, усогласување на регулативата, главата 6, Анализи и истражувања, која е збогатена со сите потребни анализи кои му престојат на Советот и кои произлегуваат од НПА.

Членот на Советот, Методи Стоименовски, рече, дека при разгледување на Нацрт-Планот, дошол до констатација дека му недостасова врската помеѓу финансиските средства и јавните набавки, бидејќи споменатите активности би требало да имаат одредени рокови за кои треба да се знае дали ќе се исполнат или не од финансиска гледна точка. Во таа насока предложи да бидат наведени рокови за сите активности освен за мониторинг. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, одговори дека роковите се прецизирани во планот за јавните набавки, додека во овој Нацрт-План за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година, роковите се наведени во период од 3 месеци или повеќе.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи сите членови на Советот кои имаат свои забелешки во однос на Нацрт-Планот за работа на Советот за 2012 година, да ги достават во писмена форма, со оглед на тоа што се уште не е дефиниран. Во глава 12, Конференции, работилници и јавност во работењето на Советот, првата алинеа гласи организирање јавни седници на Советот еднаш на секои три месеци, со присуство на сите заинтересирани субјекти. Според него, бидејќи, сите седници се јавни, предложи таа алинеа да биде изоставена. Но, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека таа обврска на Советот произлегува согласно член 33 Законот. Втората забелешка од членот на Советот, Лазо Петрушевски беше прашањето, зошто проектот што е заеднички планиран со Раководителот на Секторот за технологија и информатика, Арбен Саити, ISO сертификат за работата на Советот, не вклучен во Нацрт-Планот, која е причината, дали е заборавено или не е прифатено. Одговорот од Раководителот на Стручната служба, беше дека е вградено во глава 14, Евро-интеграции.

Членот на Советот, Столе Наумов предложи измени во Глава 5, Усогласување на домашната регулатива, алинеа прва, активности поврзани со изработката на нов закон за медиуми усогласен со Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси на Европската унија. Потенцира дека мора да се измени делот – закон за медиуми, затоа што се уште не е дефинирано дали ќе биде Закон за медиуми или Закон за аудиовизуелни дела.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, се осврна на Глава 2, Надзор врз исполнувањето на обврските на операторите на јавните комуникациски мрежи и радиодифузерите од аспект на почитувањето на авторските и сродните права, и треба да се сврти вниманието како Советот да биде поефективен во тој аспект. Размислува за формирање на ново одделение во рамките на Секторот за правни работи, кое ќе биде специјализирано за надзор врз операторите на јавните комуникациски мрежи и нивната работа согласно Законот и ќе води прецизна евиденција до каде е состојбата со судските рочишта и реализираните судски постапки.

Советот едногласно ја усвои Нацрт-Програмата за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година, а членовите на Советот се задолжија да достават во писмена форма предлози за измена и дополнување на Програмата за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година, како би можела до крајот на годината да биде усвоена Програмата за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

**Точка 4**

Советот го разгледа Предлог-Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, ги замоли членовите на Советот да се произнесат во однос на предложениот материјал изготвен од Секторот за економско-финансиски работи.

Заменикот на претседателот, м-р Милаи Фетаи рече дека има забелешка во ставката 417 – интелектуални и други услуги, односно предложи, средствата кои се предвидени за адвокатски услуги, да се зголемат.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи да се започне од почетната ставка на Предлог-Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година. Сите членови на Советот активно учествуваа во дискусијата, со свои предлози за измена и дополнување на Нацрт-Финансискиот план. Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи во расходната ставка 404 превозно транспортни услуги, за планираните средства за фиксна и мобилна телефонија, лимитот за мобилната телефонија да се намали за 25% и за вработените и за членовите на Совет, со соодветно образложение на предлогот. Исто така предложи да се постават лимити и на фиксните телефони.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи, расходната ставка 409 – други материјални расходи, да се намали, односно планираните средства за набавка на дневен печат, наместо 4, Советот да биде претплатен за 2 примерока. По јасно изразеното незадоволството на одреден дел од членовите на Советот, Лазо Петрушевски го повлече предлогот. Исто така во расходната ставка 442 – други капитални средства, рече, дека, во заедничка соработка со Секторот за технологија и информатика, направиле одредени измени кои не се вградени во Предлог-Финансискиот план, со тоа што предвидените вкупни средства остануваат исти, но се прераспределени поинаку. Забелешките ги објасни и предложи да се вградат во Финансискиот план на Советот за 2012 година. Предлогот се стави на гласање и едногласно беше усвоен. Членот на Советот, Столе Наумов го критикуваше предлогот за намалување на ставката за истражување и анализи на медиумскиот пазар и публиката со објаснување дека на истражувањата и анализите се базира целокупната работа на СРД, парите за оваа намена не треба да се намалат туку да се зголемат. По што предлогот беше повлечен.

Советот, со еден глас против од членот на Советот, Столе Наумов (со образложение дека станува збор за чисто популистичка мерка и дека прашање е колку тие што имаат минимални сметки за телефон си ги остваруваат обврските и комуницираат со радиодифузерите и воопшто со медиумската заедница) и 14 гласа „За“, донесе одлука да се намали за 25% правото на користење на службен мобилен телефон, за членовите на Советот и за вработените во Стручната служба кои користат службен мобилен телефон.

Членот на Советот, Методи Стоименовски, предложи во Финансискиот план на Советот за 2012 година да се обезбедат средства, со оглед дека сега се во разговори со телекомуникациски оператори, за да се обезбеди решение за снимање на локалните телевизии и кабелските оператори. За овој проект, каде сигналот би бил донесен до Советот предложи конкретен износ. Предлогот беше прифатен едногласно.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече, дека со вработените од Секторот за технологија и информатика направиле едно грубо размислување меѓу себе. Нивната идеја би била дека постои можност, операторите кои нудат телекомуникациски услуги, да нудат и одредени услуги кои би биле корисни за Советот за мониторинг на операторите или радиодифузерите. Покрај тоа што е потребна соодветна опрема, одредени оператори имаат и локации директно во одредени места, таа да биде сместена во нивна локација, со тоа што Советот би имал пристап преку VPN мрежа и од таму Советот би можел да црпи одредени сигнали и да ги следи истите. Членот на Советот, м-р Борис Арсов и Секторот за технологија и информатика во фаза се на размислување како тоа технички да се реализира.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, констатира дека расходната ставка 441- средства за опрема, купување мебел, е премногу висока. Предложи да се намали за извесна сума од планираната и предлогот беше прифатен едногласно.

Советот донесе едногласна одлука да се усвои предложениот Финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година, со наведените забелешки, и Секторот за економско-финансиски работи го задолжи да го подготви Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

**Точка 5**

Советот го разгледа Дополнувањето на Информацијата на Прегледот на исполнување на мерките изречени на 14 седница на Советот за радиодифузија.

Раководителот на Секторот за правни работи, Цветанка Митревска, ја образложи Информацијата на прегледот. Имено, Секторот за правни работи, рече, постапувајќи по наведениот Заклучок на Советот, предложениот Преглед на исполнување на мерките изречени на 14-та седница на Советот за радиодифузија на РМ одржана на 18.08.2011 година, во точката II, го дополни на следниот начин:

II. Радиодифузери кои не ги извршија изречените мерки од Советот -
писмени опомени со барање за објавување:

ТРД НАША ТВ ДОО Скопје – 2 (две) мерки, ТРД ЏАНГЛ ТВ ДООЕЛ Скопје – 1 (една) мерка, ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје– 1 (една) мерка и ТРД Аласт – М ДОО Скопје – 2 (две) мерки.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи, на радиодифузерите кои не ги извршиле изречените мерки од Советот, писмени опомени со барање за објавување, да им се испрати допис со кој ќе бидат известени, доколку во рок од 7 дена не ги извршат изречените мерки, Советот согласно член 37 став 1 точка 13 од ЗРД, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за повредата за која е изречена мерката од Советот, која не е извршена.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека е загрижен за ваквата состојба од страната на радиодифузерите. Во своето излагање нагласи дека кога Советот изрекува мерки, многу сериозно пристапува и во анализирањето на извештаите и при донесување одлуки, согласно Законот. Во таа насока предложи да им се понуди одреден рок од 7 до 20 дена, во зависност од заедничката одлука на Советот, и да им се укаже дека доколку не ги извршат изречените мерки писмени опомени со барање за објавување, Советот ќе покрене прекршочна постапка.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, рече дека е задоволна од подготвената Информација од Секторот за правни работи, и рече дека од кога е вработена во Советот за радиодифузија, за првпат се сретнува со ваков начин на работа, односно изготвување преглед од ваков вид. Поттикната од состојбата на радиодифузерите кои не ги извршиле изречените мерки, предложи, поради големиот број на изречени мерки од страна на Советот, во иднина, редовно на седници да се подготвува информација во која ќе бидат опфатени радиодифузерите ги исполние изречените мерки и оние кои сеуште не ги извршиле.

Советот донесе едногласна одлука да испрати допис до ТРД НАША ТВ ДОО Скопје, ТРД ЏАНГЛ ТВ ДООЕЛ Скопје, ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје и ТРД Аласт – М ДОО Скопје, каде што ќе бара од нив во рок од 7 дена да ги извршат изречените мерки писмени опомени со барање за објавување, во спротивно Советот

ќе покрене барање за прекршочна постапка против овие медиуми согласно член 37 став 1 точка 13 од Законот за радиодифузната дејност. (Во текот на гласањето, членот на Советот, Столе Наумов беше отсутен).

Исто така, Советот едногласно одлучи, со цел во иднина да се надминат нејаснотиите кај радиодифузерите за тоа како треба да се извршат изречените мерки - писмени опомени со барање за објавување, точката бр.1 од изреката на Одлуката за изрекување на мерката писмена опомена со барање за објавување, одлучи да се дополни и да гласи:

За Телевизија:

" - На ТРД " _________", му се изрекува мерката писмена опомена со барање за објавување, и му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на оваа Одлука, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува ТРД " __________" , во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува ТРД „ _________", изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, да се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар."

За Радио:

" - На ТРД "_________", му се изрекува мерката писмена опомена со барање за објавување, и му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на оваа Одлука, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува ТРД " __________" , во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува ТРД „ РА _________", изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што спикер да ги прочита следните податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 08:00 до 10:00 часот. На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар."

Се задолжува Секторот за правни работи, во Одлуките со кои се изрекуваат мерките, да ги вгради горенаведените дополнувања и оивторно да ги испрати до ТРД НАША ТВ ДОО Скопје, ТРД ЏАНГЛ ТВ ДООЕЛ Скопје, ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје, и ТРД Аласт – М ДОО.

Воедно, да им укаже дека доколку не ги извршат изречените мерки - писмени опомени со барање за објавување, во рок од 7 (седум) дена, согласно член 37 став 1 точка 13 од ЗРД, Советот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за повредата за која е изречена мерката од Советот, која не е извршена.

**Точка 6**

Советот ја разгледа Претставката од Канал 5 и од граѓанин за серијата “Долина на волците” која се емитува на ТРД ТВ Сител со Предлог-Укажување за ТРД ТВ Сител.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, објасни, дека Советот за радиодифузија на Република Македонија, постапувајќи по добиена претставка, спроведе мониторинг на програмата на ТВ Сител во периодот од 10 до 24 ноември 2011 година и констатираше дека репризите на епизодите од серијалот "Долина на волците" се емитуваат во несоодветен термин.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече, дека според Извештајот на Секторот за програмски работи, констатираните наводите во претставката се точни, па според тоа Советот треба соодветно да реагира, земајќи ги во предвид последиците кои можат да произлезат од емитувањето на серијалот "Долина на волците" врз малолетната публика, а кои се емитуваат во несоодветен термин, од една страна и прекршувањето на Законот од друга страна.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, предложи, претставници од ТВ Сител да се повикаат на состанок во Советот, во насока на едукација и усогласување на емитувањето на ваков тип серијали со одредбите на Законот. На договорениот состанокот и Советот ќе има можност да дознае дали ТВ Сител може сцените со насилство да ги цензурира, односно дали има одреден договор со кој би бил во можност да ги крати сцените со насилство на серијалот "Долина на волците", за да би можел да ги емитува и пред 22 часот.

Членот на Советот, Селвер Ајдини, се согласува дека треба да се повикаат претставници од ТВ Сител на конструктивен разговор во Советот, но имаше една реакција во поглед на начинот на писмената комуникација на ТВ Канал 5 со Советот. Поточно, го издвои цитатот од Дописот на ТВ Канал 5 до Советот: *„Во моментот кога ТВ Сител ќе постапи по барањето на Советот, тогаш и Канал 5 ТВ ќе го прекине емитувањето на наведената емисија“* (се мисли на емисијата „Прељубници“). Ова членот на Советот, Селвер Ајдини, лично го смета како условување, воедно и погрешен пристап на комуникација, на кој треба да им се укаже.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече, дека и Советот и радиодифузерите треба да функционираат во интерес на гледачите. Го осуди така наречениот инает помеѓу радиодифузерите, кој поради инает на едните или другите, штетно се рефлектира врз гледачите. Познато е дека серијалот "Долина на волците" и останатите турски серии се фаворит кај гледачите. Но, од друга страна Советот треба да има предвид дека кога ќе поканат претставници на одреден медиум на состанок, секогаш треба да знае дека разговара со лица кои знаат што е програма, што е програмска шема, и дека се работи за одговорни лица и уредници кои имаат значајно искуство во областа на медиумите и имаат сознание што е Закон за радиодифузната дејност. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека е убеден дека радиодифузерите од одредени причини намерно ги прават ваквите и слични грешки, свесни дека го прекршуваат Законот. Предложи, да се повикаат на состанок претставници од ТВ Канал 5 на состанок во Советот, но да им се укаже дека Советот знае дека ТВ Канал 5 свесно го прекршува Законот.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека Советот треба да постапи онака како што има веќе постапено и кон други медиуми, односно да се повикаат претставници од ТВ Канал 5 на состанок во Советот. Ја истакна својата загриженост за серијалот "Долина на волците" кој се емитуваат во несоодветен термин на ТВ Канал 5, посебно што и децата од најмала возраст реагираат и ги имитираат сцените со насилство, пукање и убиства. Членот на Советот, Столе Наумов, поттикнат од ваквата глетка се јавил во Канал 5 ТВ и добил одговор дека репризните изданија на „Долина на

Волците“ се емитуваат без сцените во кои има убиства, насилство и сл. Не е сигурен дека медиумот има дозвола од давателот на авторското право за серијалот, да ги крати проблематичните сцени, но предложи Советот да не го бара тој документ, бидејќи ни за други медиуми тоа не е побарано.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предложи на ТВ Канал 5 да му се упати укажување, но за последен пат, доколку повторно го прекршат Законот, Советот ќе изрече мерка.

Советот со 14 гласа „За“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи, на ТВ Сител, поради емитувањето на репризни изданија од серијалот "Долина на волците" во несоодветен термин, констатирани при спроведениот мониторинг на програмата на ТВ Сител во периодот од 10 до 24 ноември 2011, односно:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, да му се упати укажување.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да подготви Допис до ТРД ТВ Сител, со напомена дека во репризните изданија од серијалот "Долина на волците", сцените со реалистичен приказ на физичко и вербално насилство, на моменти со детали на суровост и прикази на вистинско оружје, треба да бидат цензурирани, во спротивно репризните изданија од серијалот "Долина на волците треба да се означени како програми од Четврта категорија и треба да бидат емитувани исклучиво во периодот, кој согласно Правилникот е предвиден за програмите кои влегуваат во оваа категорија, од 22.00 до 05.00 часот. Во правец на оваа проблематика, Секторот за програмски работи се задолжи да организира состанок со претставници од ТРД ТВ Сител, во насока на едукација и усогласување со одредбите на Законот за радиодифузната дејност и усогласување со Правилникот за заштита на малолетната публика, во однос на серијалот "Долина на волците“.

**Точка 7**

Советот го разгледа подготвениот Извештај од мониторингот на Јавниот радиодифузен сервис - Политичкиот плурализам во телевизиските вести, изработен од Секторот за програмски работи.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, на почетокот му даде збор на членот на Советот, Бранко Радовановиќ, координатор на Секторот за програмски работи. Г-динот Радовановиќ рече дека материјалот преставува сеопфатна анализа и од квантитативен и од квалитативен аспект. Таа се базира на мерења и научно поставени методи за ваков вид анализа. Според егзактните добиени бројки, ја отфрла секоја претпоставка или констатација дека анализата е тенденциозно направена. Тој рече дека според Анализата, Јавниот сервис на РМ, ги прекршува основните принципи на еднакво третирање на политичките субјекти. Во анализираниот период, телевизиските програми на јавниот сервис МТВ1 и МТВ2 - програма на албански јазик, најмногу простор во централните информативни изданија отстапиле за претставниците на извршната власт – Владата со министерствата. Но, рече, дека него посебно што го става во мисли и го поттикнува на размислување се вкупните добиени резултати од оваа анализа и предложи Извештај од мониторингот на Јавниот радиодифузен сервис - Политичкиот плурализам во телевизиските вести, да се достави до Јавниот сервис. Исто така предложи Советот да договори состанок со одговорните лица, да им се

предочи констатираната состојба во дневно-информативните емисии и да се разговара, бидејќи тамо има претставници, докажани новинари со капацитет.

Исто така рече, дека кога се подготвува информација и истата се емитува, таа треба да содржи изјави од двете страни кои се засегнати во прилогот. Од дискусијата која се одвиваше подолго време, ги замоли членовите на Советот со своите дискусии да не излезат надвор од темата, од регулаторната задача на Советот, односно точката на Дневниот ред и да не завлезат во политичките води. Во извештајот констатацијата дека известувањето е неутрално, тоа е за пофалба. Но кога информирањето се однесува во голем процент за активностите на Владата (тоа го покажува квантитативната анализа), тогаш Заклучокот е неминовен онаков каков што е предложен од Секторот за програмски работи. Доколку рече, за пример се земе Франција, тогаш во вестите, информациите, активностите од Владата пласирани се на средина или на крајот од вестите.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, на почетокот го прочита Предлог заклучокот: *„Од анализата на вестите на телевизиските програми, спроведена во периодот од 3 до 9 октомври 2011 година, евидентно е дека јавниот радиодифузен сервис не обезбедил политички плурализам. Ваквиот заклучок се должи на доминантната застапеност на претставниците на Владата и министерствата во нејзин состав“.* Според него она што го пишува во самиот извештај, не соодветствува со наведениот Заклучок. Така да негово мислење е дека Извештајот го пишувала една личност а Предлог-Заклучокот друга. Во Извештајот е направена анализа само на вестите, односно на МТВ1 во 19 и 30 часот, вестите на албански јазик на МТВ2 во 18 и 30 часот и вестите на турски јазик, односно, не е анализирана целата работа на Јавниот радиодифузен сервис.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, се осврна и на Клучните наоди, од Анализата:
*„Во анализираниот период, телевизиските програми на јавниот сервис – МТВ1 и МТВ2 – програма на албански јазик најмногу простор во централните информативни изданија отстапија за претставниците на извршната власт – Владата со министерствата“.*

Тогаш, се запраша, дали јавноста нема интерес да ја следи работата на Владата? Зарем кога работат по 12-15 часа на ден, не продуцираат настани кои треба да се прикажат? Во таа насока прочита делови од анализата за МТВ1, со свои коментари:
*„Карактеристично е што политичките партии се многу малку застапени. Минутажата одвоена за ВМРО ДПМНЕ и СДСМ е многу мала поради што и не може да се извлекуваат оценки. При информирањето, ставот на медиумот е главно неутрален и користените извори се претежно јасно идентификувани, со исклучок на еден случај кога како извор се наведуваат „познавачите на состојбите“.*

Подоле е наведено:
*„Најчест повод за прилозите се актуелни настани, пред се на редовните активности на институциите на власт“*

Членот на Советот, Лазо Петрушевски исто така се осврна и на МТВ 2:
*„Речиси за сите прилози поводот е актуелен настан. Од вкупното време одвоено за институциите на власт 2/3 е за пртставниците на извршната власт“.*

Со издвојувањето на овие делови од Извештајот констатира, дека ставот на медиумот е главно неутрален и дека најчест повод за информирање за домашните случувања биле актуелните настани. Тогаш се запраша дали Јавниот радиодифузен сервис треба да се занимава со оговарање? Се осврна и на страна 6 од Анализата - *Ставот на медиумот при известувањето за различните настани е неутрален,* страница 8 - *„Општиот впечаток од сегашнава анализа е дека претставниците на власта се медиумски присутни најмногу поради своите редовни активности“...* „

Потенцира дека секако, не помалку е важно и правото на јавноста да знае и за текот на реформите кои ги преземаат министерствата, особено за чувствителните сектори како здравството или судството“, каде се наведува лично мислење, а не реалната состојба.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски рече дека кога настапуваат претставници на Владата на РМ, тие веќе не се членови на партија, туку работат за интерес на државата. Од дискусијата според него, заклучил дека се политизира дискусијата. Останува на ставот дека Заклучокот е несоодветен на содржината и не го оспорува целиот извештај.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека не треба да се размислува како гледач, публика, не стручно, не новинарски, не програмски. Советот за радиодифузија не работи за да евидентира и забележува колку Владата на РМ работи, затоа што Владата зема личен доход како и сите вработени. Потенцира дека Анализата која е направена никако не е со цел да и наштети на Владата, ниту на Јавниот сервис. Се согласува дека Владата секако треба да биде присутна во Јавниот сервис со оглед на нејзината актуелност и улогата што ја има во секое општество. Она што е констатирано со анализата е преголемата застапеност на Владата, и многу мал отстапен простор  на други настани кои исто така се од значајна важност. Јавниот сервис постои пред се да задоволи различни целни групи, и пласирање на информации кои не се достапни кај другите медиуми поради нивната комерцијалност. Така да недозволиво е 90% од информативната програма да биде застапена со настани поврзани со Владата на РМ. Но никогаш не помислил дека Владата треба да биде медиумски запоставена, посебно во Јавниот радиодифузен сервис. Рече дека резултатите добиени од мониторингот на Јавниот сервис не може да се споредуваат со резултатите добиени од мониторинг на комерцијалните медиуми.

Заменикот на Претседателот, м-р Милаим Фетаи, на почетокот го изрази своето воодушевување од новинарскиот пристап и излагање кон Анализата на Јавниот сервис од членот на Советот, Столе Наумов. Што се однесува до стручноста на вработените и компетентноста на Секторот за програмски работи воопшто не се сомнева. Анализата која е направена исклучиво врз основа на вестите, и резултатите кои се добиени врз основа на истите, рече дека не се сомнева во нив. За доброто на демократијата, рече дека треба сите да примаме и малку критика и да даваме дозирана. Мисијата на Јавниот сервис е да поттикнува демократија во општеството, на која треба да и укаже СРД. Неговото мислење гледајќи ја прграмата на Јавниот сервис, конкретно вестите години station наназад е дека перманентно е под влијание на актуелна власт, кој и да е.

Членот на Советот, акад. Али Алиу рече дека најголема штета се прави на Владата со една ваква дискусија, да не се критикува и да не се дозволи да се критикува. Јавниот сервис не смее да биде наклонет на ниедна страна. Точно е дека доколку се чита анализата, дека во прилозите известувањето е неутрално, ќе се дојде до мислење дека Заклучокот не соодветствува со содржината.

Членот на Советот, Зоран Трајчевски, рече, дека Анализата сама по себе е направена по стандарди какви што треба да бидат, и тоа не го спорува. Но според него не постои научна поврзаност помеѓу анализата и заклучокот. Доколку во анализата е јасно кажано дека известувањето е генерално односно најголем процент (освен во еден случај) објективно и неутрално, како може Заклучокот да биде дека има загрозеност на политичкиот плуразлизам. Не може да извлече од каде е заклучокот во анализата, дека Јавниот радиодифузен сервис не обезбедил политички плурализам, и во таа насока воедно се согласува со членот на Советот, Лазо Петрушевски, дека, текстот,

содржината не соодветствува со Заклучокот. Така да рече, само по себе произлегува ставот дека Заклучокот е тенденциозен. Би сакал да знае кој е критериумот за да се констатира дали постои или не политички плурализам. Со тоа и Советот би му укажал на Јавниот радиодифузен сервис да се стреми кон политички плурализам. Исто така се запраша, доколку во текот на денот или на месецот нема активности во политичките партии, во тој случај запраша, дали не треба да се известува или да се измислуваат настани? Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека квалитетот на програмата, уредувачката политика, работата и однесувањето на менаџерскиот тим на МТВ, не е должност на Советот за радиодифузија да ја разгледува. И повторно се запраша од каде е извлечен таков Заклучок, дека нема политички плурализам. И аналогно на тоа, што треба да се направи ако нема, за да има. Констатира дека Анализата е направена тенденциозно, па според тоа на почетокот сакал да предложи да се врати во Секторот за програмски работи, да се дополни и да се изработи професионално, според стандардите.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов рече дека се согласува со излагањето на членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, кое е во насока со неговото мислење. Бидејќи во анализата е споменат и Претседателот на РМ, Ѓорѓе Иванов, не му е јасно дали треба тој да се занемари како институција Претседател на РМ и како Претседател на сите граѓани на РМ и воопшто да не се известува за неговите активности и работа. Даде и свој коментар за дел од анализата: *„..на Македонската телевизија треба да и се укаже дека има должност да се залага различни политички мислења да бидат застапени во нејзините програми“.* Се запраша дали Јавниот сервис треба да прави политички дебати за да има различни политички мислења? Побара да му се објасни како да се постигне политички плурализам. Не се согласува дека Јавниот сервис е во катастрофална состојба. Тоа го заклучува од гледањето на информативната програма и програмата воопшто, а има и информации дека и технички почнува да се осовременува. Дали некој треба да оди од стан во стан или во канцеларии и да ги замоли другите да излезат надвор и да почнат да вршат одредени активности за да Јавниот сервис има прилози за други настани. Значи доколку еден субјект нема одредени активности, седи постојано во својата канцеларија, тогаш што ќе снима медиумот, какви информации ќе има јавноста од него. Значи оној што работи, активен е во многу области, тоа е снимено и прикажано. За сите оние субјекти што не се активни, логично е да нема ни прилози за нив.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека за волја на вистината колегата Лазо Петрушевски бил во право кога велел дека известувањето на МТВ е одраз на реалност, но таа реалност реалност вели дека МТВ известува лошо и со вакви анализи и критики Советот може само да му помогне на Јавниот сервос, а не да се обидува да го брани по секоја цена она што е неодбранливо и што секој граѓанин како факт многу добро го гледа и знае. Јавниот радиодифузен сервис е јавен, не е ниту сопственост на Владата ниту на ниедна партија. Се знае што треба да преставува Јавниот сервис и што е јавен интерес. Јавниот интерес не е само владата на една држава, туку и опозицијата, маргинализирани групи во општеството, теми поврзани со малцинствата, и други теми кои треба да се стимулираат. Членот на Советот, Столе Наумов посочи соодветни примери кои веќе биле прикажани на Јавниот сервис, со кои го поткрепи доминантното известување во корист на Владата. Ова го кажува за да се подобри состојбата во МТВ, бидејќи 20 години наназад е така. Посочи пример како треба да се информира од прес конференција – ако СДСМ одржал прес, прво треба да се прикаже прилогот од него, односно прашањето а потоа да следи одговорот. На МТВ е спротивна ситуација, прво е прикажан одговорот а потоа прашањето, така да самото прашање потоа станува беспредметно. Наброи и други слични примери. Исто така запраша дали е реално во

дебатни емисии, со исклучок на емисиите на Чомовски, да нема присуство на спротивставена страна. На седницата има преставник на Европската унија, и досега сите извештаи кои ги има направено Секторот за програмски работи се совпаѓаат со нивните. Предлага да не се зборува што прави Секторот за програма, туку како да и се помогне не МТВ. Што се однесува до Заклучокот од Анализата се согласува со него и ќе гласа за него. Доколку Извештајот се прочита внимателно ќе се дојде до констатација дека постои доминација на Владата во однос на Претседателот на државата, парламентот, судот, локалната самоуправа... значи се зборува за Влада а не за власта. Значи кај Владата има 2/3 а не кај власта. Селективноста на избор на настани за објавување, информирање или дел од содржини е многу поопасна работа, рече, отколку да коментираш и да кажеш свој став јавно. На Јавниот сервис му забележува дека емитува постојано репризи. Неутралноста во информирање е добра но не е доволна, затоа што неутралноста може да има поголема моќ на заведување. Сето ова го подржа со јасни примери од праксата на селективно информирање кое е неутрално, некоментирачко, но самиот избор и нагласување на теми и содржини кај едната страна на сметка на понезначајни, поопшти содржини кај другата страна, квантитативно и квалитативно јасно ја одередуваат пристрасноста на МТВ.

Членот на Советот, Столе Наумов, предложи во Предлог-Заклучокот од Извештајот да се додадае: ***и во однос на другите институции на власта и политичките партии,*** од причина што на тој начин ќе биде многу појасно:

*Од анализата на вестите на телевизиските програми, спроведена во периодот од 3 до 9 октомври 2011 година, евидентно е дека јавниот радиодифузен сервис не обезбедил политички плурализам. Ваквиот заклучок се должи на доминантната застапеност на претставниците на Владата и и министерствата во нејзин состав,* ***во однос на другите институции на власта и политичките партии***
*Во Законот за радиодифузната дејност обврската за обезбедување политички плурализам е повеќе декларативна, што значи не е предвидена санкција за нејзиното непочитување. Сепак, имајќи ја предвид важноста на улогата на јавниот сервис во едно демократско општество, на Македонската телевизија треба да и се укаже дека има должност да се залага различни политички мислења да бидат застапени во нејзините програми.*

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов се согласува со содржината во Анализата. Рече, читајќи ја содржината, и претставените графикони, евидентно е дека доминантна е Владата на РМ. Точно е дека е известувањето е неутрално, но во Заклучокот се вели дека тоа е еднострано, дека не е обезбеден политички плурализам, информирањето е базирано на тоа дека не е преставено и нешто друго, кое не мора да биде поврзано со политика.

Членот на Советот, Методи Стоименовски рече дека во науката постојат еталони со кои што се споредуваат резултати. Извештајот сам по себе е одлично изработен, се е измерено како треба, а констатациите за известувањето е дека се објективни, неутрални со доминација на државните институции. Неговата поента е дека овие добиени резултати не се споредени со други. Се запраша, од каде да знаеме дека во тој период не се случиле помалку или повеќе настани. Ако се случиле 10 настани а 8 од нив се покриени, тогаш е објективно. Но доколку 5 се покриени а 5 не се тогаш е необјективно. Според него оваа Анализа е нецелосна и потребно е да се додадат примери од истите настани кои се емитувани во другите ТВ на државно ниво, во тој период. Доколку и тамо процентуално се совпаѓаат тогаш анализата е во ред.

Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски рече дака Анализата и дискутирањето на оваа седница прикажува една поларизирана состојба во Советот, едни се за други

против. Мониторингот на Јавниот сервис и Анализата е вообичаена практика и активност на Советот во изминатите години. Во оваа прилика им дава целосна поддршка и благодарност на целокупната екипа која го подготвила материјалот, кои се високо образовани и стручни кадри и одлично ја познаваат оваа проблематика. Со овој материјал на Советот му се дава едно посебно ниво, во однос на дејноста која ја обавува Советот како независно регулаторно тело. Нагласи дека политичкиот плурализам е многу битен елемент во однос на остварување на правата на телевизиската публика. Преку политичкиот плурализам се гледа независноста на самите медиуми, конкретно на Јавниот сервис, кој една од основните негови задачи е негување на политичкиот плурализам која Јавниот сервис треба да го остварува. Во анализата е опфатен само еден сегмент од целокупната дејност на МТВ. Воведена е една висока методологија и научен пристап кои ги задоволува сите стандарди, говорејќи од комуникациски аспект. Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски, порача, и понатаму Советот се повеќе треба да работи на вакви материјали, врз основа на истражување. Се изјасни дека ќе гласа за овој извештај кој воедно ја отсликува и реалната состојба кај Јавниот сервис.

Членот на Советот, Замир Мехмети, рече дека не планирал да се јави за дискусија за оваа точка, но испровоциран, без да навлегува од кого и зошто, ќе го изнесе неговото мислење. И без да се прочита анализата од Секторот за програмски работи, за која смета дека е добро направена, лесно може да се забележи како работи МТВ, на негова голема жалост. Како новинар, најосновното што мора да го каже а не го имаат во предвид МТВ, е непочитување на 7-те основни принципи на новинарство. Се согласува дека анализата е добро направена, но не може да се согласи со одреден број на членови на Советот, кои на некој начин се обидуваат да ни кажат дека МТВ работи непристрасно, за кое му е смешно да говори околу тоа. На МТВ се забележува емитување на информации подготвени од еден извор, а такво нешто не може да се сретне никаде во Светот. Информација без да бидат опфатени двете страни е тотално деградирање на професијата новинарство. Се согласува со м-р Милаим Фетаи, и апелира да им се укаже дека и која и власт да дојде пак ќе бидат пристрасни, и со залагање на Советот да придонесат да бидат професионални. Ги жали новинарите кои работат таму затоа што смета дека се злоупотребувани, и тоа од било која влада да дојде на власт. Нагласи дека тие новинари се жртви, а Јавниот сервис не работи професионално. Не е против Јавниот сервис, туку сака да им се помогне во професионалното работење. Лично, членот на Советот, Замир Мехмети се става на располагање, верувајќи дека МТВ може да биде и подобар и по професионален.

Членот на Советот, м-р Методија Јанчески, се согласува со ставот на дел од колегите дека Заклучокот не соодветствува со содржината, односно во Извештајот на многу места е наведено дека известувањето на МТВ е неутрално, па според него логично е и во Заклучокот тоа да биде забележано барем со една реченица.

Исто така членот на Советот, м-р Методија Јанчески запраша по чиј налог е правен овој извештај? Според него неможе да биде редовна активност на Советот ако е правен само два пати, во 2010 и 2011 година. Раководителот на Секторот за европска и меѓународна соработка, м-р Борче Маневски, рече дека е правен по планот на НПА.

Извештајот од мониторингот на Јавниот радиодифузен сервис - Политичкиот плурализам во телевизиските вести, го презентира м-р Драгица Љубевска, виш соработник во Секторот за програмски работи и одговараше на поставените прашање од членовите на Советот.

Предлог – заклучокот од членот на Советот, Столе Наумов, да се додаде во постоечкиот Заклучок реченицата - ***во однос на другите институции на власта и политичките партии*** - се стави на гласање.

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, се надоврза на предлогот и предложи да се додаде ***и другите релевантни чинители во општеството.***

Предлог-Заклучокот со предлогот од членот на Советот, Столе Наумов кој гласи: *Од анализата на вестите на телевизиските програми, спроведена во периодот од 3 до 9 октомври 2011 година, евидентно е дека јавниот радиодифузен сервис не обезбедил политички плурализам. Ваквиот заклучок се должи на доминантната застапеност на претставниците на Владата и и министерствата во нејзин состав,* ***во однос на другите институции на власта и политичките парти.***
*Во Законот за радиодифузната дејност обврската за обезбедување политички плурализам е повеќе декларативна, што значи не е предвидена санкција за нејзиното непочитување. Сепак, имајќи ја предвид важноста на улогата на јавниот сервис во едно демократско општество, на Македонската телевизија треба да и се укаже дека има должност да се залага различни политички мислења да бидат застапени во нејзините програми,* се стави на гласање.

„За“ овој предлог беа м-р Зоран Стефаноски, проф. д-р Томе Груевски, Столе Наумов, Бранко Радовановиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, акад. Али Алиу. Против немаше. Воздржани беа м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, Методи Стоименовски, Замир Мехмети, Методија Јанчески, Лазо Петрушевски, м-р Милаим Фетаи и м-р Зоран Трајчевски.

Предлогот на членот на Советот, Лазо Петрушевски за Заклучок на Ивештајот од мониторингот на Јавниот радиодифузен сервис - Политичкиот плурализам во телевизиските вести, да гласи - ***содржината на вестите е реален одраз на случувањата во општеството***, се стави на гласање. Во тој момент, членот на Советот, Столе Наумов, рече дека доколку се усвои овој предлог јавно ќе излезе и ќе каже дека целосно се оградува од овој заклучок и не стои зад ова. „За“предлог на членот на Советот, Лазо Петрушевски гласаа членовите на Советот: м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Методи Стоименовски, Лазо Петрушевски и м-р Методија Јанчески.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, испровоциран од ваквиот исход на гласање, рече „Ве молам присутните на идните генерации да не им кажувате што направивме вечерва“.

Советот не го усвои предложениот Извештај од мониторингот на јавниот радиодифузен сервис – политичкиот плурализам во телевизиските вести.

**Точка 8**

Советот го разгледа Извештајот од работилницата за обука “Изработка на трет периодичен извештај на РМ по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права” одржана во Струга од 29 ноември до 1 декември 2011 година.

Во организација на Министерството за правда на РМ, а со помош на Канцеларијата на Обединети нации во Скопје, РМ, во Струга, во периодот од 29 ноември до 1 декември 2011 година, се одржа работилницата за обука “Изработка на Трет периодичен Извештај на РМ по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права“.

На работилницата, земаа учество претставници од повеќе институции во Република Македонија, како што се: Министерство за здравство на РМ, Јавен Обвинител, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Секретаријат за европски прашања, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за образование и наука, Дирекција за заштита на личните податоци, Државна Комисија за спречување на корупција, Академија за судии и јавни обвинители, Упарава за извршување на санкциите, Државна изборна комисија, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор и Собрание на РМ.

Претставник од Советот беше Цветанка Митревска, Раководител на Секторот за правни работи, која со допис бр.03-3348/2 од 21.09.2011 година на Советот за радиодифузија на РМ, беше номинирана да земе учество во работната група која ќе го подготвува Третиот периодичен извештај на Република Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од работилницата за обука "Изработка на Трет периодичен Извештај на РМ по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права" одржана во Струга од 29 ноември до 1 декември 2011 година, подготвен од Цветанка Митревска. (членот на Советот, Столе Наумов, беше отсутен во текот на гласањето).

**Точка 9**

Советот го разгледа Извештајот на Советот за радиодифузија на РМ за членот 19 од "Меѓународниот пакт за граѓански и политички права" кој ке биде составен дел на Третиот извештај на Република Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права".

Во текот на извештајниот период, од април 2008 година до декември 2011 година, Советот за радиодифузија ги има дадено следните согласности за промена на сопственичката структура, и тоа: - во 2008 година 6 одобренија, -во 2009 година 11 одобренија, - во 2010 година 13 одобренија и во - 2011 година 9 одобренија.

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај на Советот за радиодифузија на РМ за членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, кој ќе биде составен дел на Третиот периодичен извештај на Република Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, за периодот од април 2008 година до декември 2011 година, изработен од Секторот за правни работи. (членот на Советот, Столе Наумов, беше отсутен во текот на гласањето).

**Точка 10**

Советот ја разгледа Информацијата за отстранета недозволена медиумска концентрација кај РА Метрополис.

Советот за радиодифузија на РМ на 14-тата седница одржана на 26.08.2011 година, констатираше постоење недозволена медиумска концентрација кај РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО од Скопје.

На 17.11.2011 година, радиодифузерот го извести Советот дека постапил според укажувањето и дека ја отстранил недозволената медиумска концентрација, а како доказ достави копија од Тековна состојба од Централниот регистар на РМ, од која е видно дека се отстранети пречките за вршење радиодифузна дејност.

Советот едногласно ја усвои предложената Информација за отстранетата медиумска концентрација од страна на РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО од

Скопје, при што Советот констатира дека РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО од Скопје, ја отстранил медиумската концентрација и своето работење го усогласил со одредбите од Законот за радиодифузната дејност. (членот на Советот, Столе Наумов, беше отсутен во текот на гласањето).

**Точка 11**

Советот ја разгледа Информацијата за преземени активности во насока на отстранување недозволена медиумска концентрација кај РА Скај плус од Берово.

Советот за радиодифузија на РМ на 14-тата седница одржана на 26.08.2011 година, констатираше постоење недозволена медиумска концентрација кај СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ од Берово.

На 24.11.2011 година, радиодифузерот до Советот достави копија од Решение за поведување претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над Трговско радиодифузно друштво РАДИО СКАЈ ДООЕЛ од Берово. Од Решението е видно дека Трговско радиодифузно друштво РАДИО СКАЈ ДООЕЛ од Берово до Основниот суд од Кочани има поднесено предлог за отварање на стечајна постапка и дека судот го прифатил предлогот. Со оглед на времетраењето на постапката што е предвидено со законската регулатива што ја регулира оваа материја, објективно не постои можност постапката да биде завршена во рокот што Советот го предвидел.

Советот едногласно одлучи, со оглед на тоа што радиодифузерот во предвидениот рок преземал дејствија во насока на отстранување на недозволената медиумска концентрација, а времетраењето на постапката за отстранување на пречките за вршење радиодифузна дејност не зависи од него, туку од динамиката на активностите на судот, Советот да почека со носење натамошна одлука, до завршувањето на стечајната постапка. (членот на Советот, Столе Наумов, беше отсутен во текот на гласањето).

**Точка 12**

Советот ја разгледа предложената Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека и на претходната седница напоменал дека бројките што ги испраќаат радиодифузерите не одговараат на реалната ситуација, и поради таа причина нема до ја подржи анализата. Размислува за некоја идеа како тоа да се изведе и радиодифузерите да ги испраќаат вистинските бројки.

Советот со 8 гласа „За“ од членовите на Советот, м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, академ, Али Алиу, акад, Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, Замир Мехмети, проф. д-р Томе Груевски и Селвер Ајдини, против се изјаснија м-р Зоран Трајчевски, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Методија Јанчески, воздржан Лазо Петрушевски и Методи Стоименовски, ја усвои предложената Анализа за структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2010 година, подготвена од Секторот за истражување и долгорочен развој. (членот на Советот, Столе Наумов, беше отсутен во текот на гласањето).

**Точка 13**

Советот ја разгледа Информацијата за работењето на ТРД КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес и ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес.

На Трговското радиодифузно друштво ТРД КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес, со Одлука на Советот бр.02-1628/1 од 30.05.2007 година ("Сл.весник на РМ" бр.67/07), доделена им е дозвола за емитување телевизиски програмски сервис преку терестријален предавател, со претежно забавен општ формат. Врз основа на наведената Одлука, на радиодифузерот издадена му е дозвола за вршење радиодифузна дејност бр.07-1978/1 од 18.06.2007 година.

Исто така. на Трговското радиодифузно друштво ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, со Одлука на Советот бр.02-1628/1 од 30.05.2007 година ("Сл.весник на РМ" бр.67/07), доделена им е дозвола за емитување телевизиски програмски сервис преку терестријален предавател, од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции. Врз основа на наведената Одлука, на радиодифузерот издадена му е дозвола за вршење радиодифузна дејност бр.07-1977/1 од 18.06.2007 година..

Трговското радиодифузно друштво ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, на 15.12.2011 година, до Советот достави допис бр.03-4477/1, со кој го известува Советот дека поради дефект во предавателниот систем не бил во можност да емитува сигнал, поради што програмата ја емитувале само преку кабелските опертаори.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи да му се упати укажување на ТРД Канал 21, со рок од период на 30 дена за да го отстранат дефектот.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, постави прашање, дали двата радиодифузери ги имаат помирено обврските кон Советот за радиодифузија. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски во консултација со Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи одговорија дека ТДР ТВ Здравкин ги има подмирено, додека ТРД КАНАЛ 21 треба да исплати уште еден дел.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов предложи со оглед дека АЕК има испратено допис до Советот, коректно би било и Советот да ги извести за преземената активност од страна на Советот во врска со ТРД КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес и ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес.

Советот едногласно ја усвои предложената Информација за работењето на ТРД КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес и ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, подготвена од Секторот за технологии и информатика и Секторот за правни работи. И донесе одлука да испрати укажување до ТРД КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес во кое ќе им се укаже на утврдените неправилности во нивното работење, и ќе им се наложи во рок од 30 дена од приемот на предупредувањето да ги отстранат неправилностите во нивното работење. Исто така Советот за радиодифузија, по истекот на тој рок, да побара од Агенцијата за електронски комуникации да изврши контрола за да се утврди состојбата со користењето на радиофреквенцијата од страна на горенаведениот субјект.

Советот одлучи да ја прифати информацијата добиена од ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, во која го известува Советот дека дефектот на предавателскиот систем е отстранет и дека програмата на овој медиум се одвива нормално преку предавателскиот систем од 17.12.2011 година.

**Точка 14**

Советот го разгледа Барањето од Заменикот на Претседателот на СРД, м-р Милаим Фетаи за одобрување средства за трошоци за оценка и одбрана на докторска дисертација, при Универзитетот “Свети Кирил и Методиј “ – Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, рече дека негов личен став е дека членовите на Советот не треба да земаат средства за дообразување, и од таа причина предложи да се укине Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот за радиодифузија бр.01-3480/1 од 16.10.2009 година, како што рече дека има подршка и од членовите на Советот, Бранко Радовановиќ и м-р Зоран Трајчевски. Во таа насока предложи да се гласа за укинување на Правилникот, без разлика дали ќе се усвои Барањето на Заменикот на Претседателот на СРД, м-р Милаим Фетаи.

Членот на Советот, Столе Наумов, го подржува предлогот на Лазо Петрушевски, но во некои други околности. Причината е дека ризикот на избраните членови на Советот е многу поголем од ризикот кој можат да го имаат вработените во Стручната Служба. Односно рече, одговорноста за Одлуките кои ги донесуваат членовите на Советот е најголема. Зошто, запраша, вработените во Стручната служба да бидат попривилегирани за дообразување и усовршување во однос на членовите на Советот. Напротив, усовршување и наобразба им е повеќе потребна на некои членови на Советот кои немаат никакви допирни точки со медиумите, отколку на вработените во Стручната служба. Смета дека треба да се подржи Барањето на м-р Милаим Фетаи.

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, смета дека треба да се подржи барањето на м-р Милаим Фетаи, а што се однесува до дискусијата дали Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот за радиодифузија, треба да се укине или не, не треба да се продолжи бидејќи не е точка на Дневен ред.

Членот на Советот, Методи Стоименовски, рече дека целосно го подржува предлогот на членот на Советот, Лазо Петрушевски. Рече дека од принципиелни причини нема да го подржи Барањето на м-р Милаим Фетаи, бидејќи во Финансискиот план, по негов предлог им се одземаа односно намалија средствата за дообразување на вработените.

„За“, овој предлог беа 8 гласа од членовите на Советот: м-р Зоран Стефаноски, акад Шоптрајанов, проф. д-р Томе Груевски, Столе Наумов, Селвер Ајдини, Замир Мемети и акад. Али Алиу. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, гласаше по гласањето бидејќи не беше запознаен со фактот дека може да гласа за себе, со оглед дека Барањето е поднесено од него, и се подразбираше дека е „за“ предлогот. Против беа членовите на Советот: м-р Зоран Трајчевски, Лазо Петрушевски, Методи Стоименовски, Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ и м-р Борис Арсов. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ беше воздржан. Советот ја усвои предложената Информација во врска со Барањето бр.04-4467/1 од 14.12.2011 година, за одобрување средства за трошоци за оценка и одбрана на докторската дисертација од м-р Милаим Фетаи, Заменик на претседателот на Советот за радиодифузија Република Македонија, и одлучи да се одобрат средства за покривање на трошоците за оценка и одбрана на докторската дисертација на м-р Милаим Фетаи, Заменик на претседателот на Советот за радиодифузија Република Македонија. Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви посебен договор кој ќе се склучи меѓу Советот за радиодифузија на Република Македонија и подносителот на барањето и со кој поблиску ќе се уредат правата и обврските во врска со одобрените средства за покривање на трошоците за оценка и одбрана на докторската дисертација

**Точка 15**

**Разно**

- Советот ја разгледа Информацијата за потреба за распишување Оглас за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност, согласно пристигнатите писма за намери по барање на членот на Советот, м-р Алма Машовиќ. Бидеќи за оваа цел беше формирана и работна група, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски ги запраша до каде се со активностите. Членот на Советот, Селвер Ајдини, рече дека ќе ја преземе обврската околу презентирање на текот на работата, кој е во составот на работната група. На почетокот се извини затоа што работната група не успеала да закаже состанок и се уште ги нема до крај подготвено податоците, од недостиг на време и поради поголем обем на работа. Побара да им се даде поголем временски рок и информацијата да се одложи за некоја од наредните седници.

Предлагачот, м-р Алма Машовиќ, рече дека не е оправдување дека работната група не можела да закаже состанок, и не е нејзина вина бидејќи во два наврати контактирала со членовите на Советот, Столе Наумов, и Селвер Ајдини. Доколку работната група била подобро координирана денес би можело и да се објави Оглас за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност, согласно добиените писма за намери кои некои од нив се со датум од минатата година. Од таа причина се согласува да се одложи оваа точка. Упати голема благодарност за експресно завршената Анализа од Секторот за истражување и долгорочен развој. Жали бидејќи немаше попис на населението оваа година, затоа што нејзините сонародници, Бошњаците се евидентирани во помал број а би биле во поголем број доколку се реализираше пописот на населението во РМ. Предлагачот м-р Алма Машовиќ на крајот го повлече предлогот.

- Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за извршување попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства за Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година и формирање на Пописна комисија.

Советот за радиодифузија едногласно ја прифати предложената Информација за потребата од избор на Пописна комисија која ќе изврши попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства за Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година, заклучно со 31.12.2011 година, во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот ("Сл.весник на РМ" бр.107/2011). Советот донесе одлука да се формира Пописна комисија која ќе изврши попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства за Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година, во состав: Владимир Ѓорѓиески, Претседател, Арѓент Џелили, член и Александар Џуваревиќ, член. (членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов не присуствуваше на гласањето).

- Советот го разгледа Предлогот за барање за исплата на новогодишен надоместок за вработените во Стручната служба и членовите на Советот, поднесено

од Синдикалната организација на Стручната служба на Советот за радиодифузија. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски информира дека минатата година 2010, беше поделена извесна сума за новогодишен надоместок. Но, согласно причините кои ги наведе Стефаноски во консултација со Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи, Советот одлучи оваа точка се одложи за наредна седница.

- Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, информира дека пред седницата е пристигнато Барање од Друштвото за производство, промет и услуги ЕРА КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје за одлагање на извршување на долгот, односно обврските кои ги има кон Советот. ЕРА КОМПАНИ ДООЕЛ не бара да се прекине постапката туку Советот да ја одложи за временски период од 3 месеци.

Советот едногласно го прифати Барањето на Друштвото за производство, промет и услуги ЕРА КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје за одлагање на извршување (бр.03-4534/1 од 19.12.2011 година), и го задолжи Секторот за правни работи да подготви допис со кој на Извршителот Златко Пејовски од Скопје ќе му даде налог за одлагање на извршувањето на должникот - Друштвото за производство, промети и услуги ЕРА КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, И.бр.2789/10, со временски период до 3 месеци од денот на приемот на дописот од страна на извршителот. Секторот за правни работи се задолжи да го извести Друштвото за производство, промет и услуги ЕРА КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје дека е прифатено Барањето за одлагање на извршувањето на предметот И.бр.2789/10.

- Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски го извести Советот дека е пристигнато Писмо од Секторот за програмски работи, упатено до членовите на Советот за радиодифузија и до Синдикалната организација на Стручната служба на Советот за радиодифузија.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, рече, со оглед дека темата во писмото има своја тежина и значење, предложи оваа точка да се одложи за друга седница, пред се од почит кон Секторот за програмски работи и кон самите себе, и да се посвети повеќе време и внимание.

- Членот на Советот, Селвер Ајдини го активира прашањето за објавување Оглас за две работни места, согласно Заклучокот од 19-та седница одржана на 28.11.2011 година: Референт- деловен секретар и Референт за архивско и канцелариско работење. Членот на Советот, Столе Наумов рече дека е многу повеќе ургентно да се примат две нови лица во Секторот за истражување и долгорочен развој и вработување во Секторот за авторски права. Членот на Советот, Лазо Петрушевски рече дека е потребно две вработувања во Секторот за технологија и информатика. Раководителот на Секторот за правни работи исто така најави дека се потребни вработувања и тамо.

Предлогот да се распише оглас за вработување на Референт- деловен секретар и Референт за архивско и канцелариско работење, се стави на гласање. Предлогот го подржаа членовите на Советот: м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, Селвер Ајдини, Замир Мехмети, акад. Али Алиу, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов. Против се изјаснија: м-р Зоран Трајчевски, проф. д-р Томе Груевски, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Методија Јанчески. Воздржани беа Методи Стоименоски, Лазо Петрушевски кој побара одлагање, односно повторување на оваа точка за наредната седница.

Советот за радиодифузија не успеа да донесе одлука за распишување оглас за вработување, а Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски рече дека доколку се случи Советот да остане без архивар и деловен секретар, одговорноста ќе ја сноси Советот за радиодифузија.

**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 20-та седница на Советот**
**одржана на 31.01.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, акад. Али Алиу, Столе Наумов, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Советот:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна), Бранко Радовановиќ (оправдано отсутен) и проф. д-р Томе Груевски (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Горан Радуновиќ, Арџент Џелили и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски го отвори првото продолжение на 20-та седница на Советот за радиодифузија. За Дневен ред предложи една точка, односно Измена и дополнување на Финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

Бидејќи немаше други предлози за дополнување и измени, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, Дневниот ред го стави на гласање.

Советот едногласно го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Измена и дополнување на Финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

**Точка 1**

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, во однос на точката објасни дека предвидените измени потребни се за да се додаде нова позиција во Финансискиот план за 2012 година. Се работи за измена од технички карактер. Во Финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година се додаваат пренесени приходи од изминатата година на усвоениот Финансиски план на Советот за радиодифузија за 2012 година. На наведениот начин нема да дојде до зголемување на Финасискиот план на Советот за 2012 година.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, објасни дека првото продолжение на 20-та седница е токму поради причината што до 31.12.2011 година сеуште не биле познати вкупните средства за да точно Советот утврди колку средства ќе се префрлат во Финансискиот план на Советот за 2012 година.

Советот донесе едногласна одлука да се усвојат предложените Измени на Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

Овие измени предвидени се да се извршат на приходната страна на усвоениот Финансиски план на Советот за радиодифузија за 2012 година.

Измените треба да се извршат на следните позиции:

- Да се додаде нова позиција- Пренесени приходи од минати години на износ од 16.917.624,00 денари

- Позицијата планиран приход од радиодифузна такса да се намали од 25.692.732,00 на износ од 15.699.500,00 денари;

- Позицијата планиран приход од дозволи да се намали од 47.500.000,00 денари на износ од 41.075.108,00 денари и

- Позицијата планиран приход од камати да се намали од 4.500.000,00 денари на износ од 4.000.000,00 денари.

На наведениот начин нема да дојде до зголемување на Финасискиот план на Советот за 2012 година туку вкупните средства ќе изнесуваат 80.177.732,00 денари.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи да ги вгради усвоените измени во Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

**Бр. 02-1047/1**
**14.03.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**Заменик на Претседателот,**
**м-р Милаим ФЕТАИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*